Хуманитарна асоцијација “Хандикап Интегратион“

# П Р О Г Р А М А

## за работа на Хуманитарната асоцијација “Хандикап Интегратион“

Хуманитарната асоцијација “Хандикап Интегратион“, како невладина и непрофитна организација своите активности ги базира на слободното, доброволно здружување на граѓаните кои идентификувале специфичен интерес - разбирање, помош и поддршка на хендикепираните лица.

Во таа смисла, Хуманитарната асоцијација “Хандикап Интегратион“ се фокусира пред се на мобилизирање човекови и материјални ресурси со кои се подобрува нормативната, социјалната и материјалната положба на хендикепираните лица во Република Македонија.

За постигнување на овие генерални цели, Хуманитарната асоцијација “Хандикап Интегратион“ работи во четири главни програмски подрачја:

### 1. Основна помош на хендикепирани лица

Тешката материјална положба во земјата длабоко ги погаѓа сите слоеви во општеството, особено маргинализираните групи. Во тие рамки особено се погодени хендикепираните лица, без оглед на видот на телесниот или душевниот недостаток со кој живеат.

Хендикепираните лица, згрижени во државните институции или оставени на згрижување во своите семејства, имаат потреба од основна помош која државата преку нејзините социјални механизми не може да им ја обезбеди - независно дали причините за тоа се во празните буџетски фондови или во лошата организација.

Основната помош обединува широко подрачје на директно обезбедени материјали или услуги кои на хендикепираните лица, односно нивните здруженија, им овозможува елементарно подобрување на условите за живот. Тоа главно се однесува на медицински и технички помагала, особено оние кои можат да се користат од повеќе лица, а потоа и на вложувања во подобрувањето на животните услови во институциите каде овие лица се сместени.

### 2. Интеграција на хендикепираните лица во општеството

Лицата со полесни облици на хендикеп имаат потреба од социјални контакти кои во одредени рамки им овозможува да се почувствуваат како дел од општеството. Уште повеќе, лицата со полесен хендикеп можат и продуктивно да се ангажираат, во извесна смисла да обезбедуваат и сопствени приходи и на тој начин - од една страна да го

намалат товарот кон заедницата и семејството, а од друга да најдат смисла и содржина за својот живот во дадените услови кои нивниот недостаток ги наметнал.

За жал, општествените промени со кои се соочува нашата земја последните десетина години се уште не се дојдени до нивото на обрнување посериозно внимание кон системско решавање и долгорочно планирање на овие можности.

Во таа смисла здружението се фокусира на истражување на постоечката легислатива, мониторинг на истата, како и иницирање и предлагање нови законски и друг вид решенија со кои на хендикепираните лица им се овозможува посоодветна заштита, посериозен третман и полесна интеграција во социјалните и економските текови во општеството.

3. Заштита на правата на хендикепираните лица, вклучувајќи ги и основните човекови права

Незавидната положба на хендикепираните лица и нивните скромни капацитети да се справуваат со реалните проблеми, ги прави една од најранливите групи во општеството. Ова секако се однесува и на нивниот генерален правен третман, при што неретко се повредуваат нивните со закон гарантирани права, вклучувајќи тука и примери на нарушување на нивните основни човекови права, како што се различните видови на дискриминација.

Таквата состојба налага сериозен преглед на постоечките права, спецификација на најзастапените нивни повреди и нарушувања, како и широка општествена акција за нивно - пред се доследно почитување, а потоа и унапредување. Оваа активност има особена тежина кога се во прашање повредите на основните човекови права на хендикепираните, гарантирани со меѓународните повелби и други документи.

Облиците на ангажирање во оваа сфера се движат од генерални анализи придружени со редовни извештаи за состојбата со почитувањето на правата на хендикепираните лица во земјата, до организирање непосредна правна помош за здруженијата на хендикепираните лица.

4. Развивање на јавната свест за разбирање, помош и поддршка на хендикепираните лица

Изградено јавно мислење за потребата од прифаќање на хендикепираните лица во редовните текови на животот е одлика на хумано ориентираните, развиени општества. Јакнењето на таа свест секако е еден од елементите кои придонесуваат за унапредувањето на нивната положба. Активностите на граѓанските асоцијации, дејноста на медиумите и неформалниот притисок, нужно водат кон покренување на сложените општествени процеси во правец на остварување на погоре споменатите цели.

Оттука, постојаното присуство во јавноста и обезбедувањето релевантни информации и ставови во насока на разбирање, помош и поддршка за хендикепираните лица има двострано позитивно дејство - во смисла на активирање на механизмите на државата и во смисла на солидарност од поединецот.

Таквото позитивно дејство може да се обезбеди преку редовна комуникација со креаторите на јавното мислење и со надлежните државни институции. Облиците на таа комуникација треба да се потпираат на тековни - соопштенија, прес конференции, билтени и други публикации, како и на проектни - различни видови кампањи со широко организиран медиумски израз.

Хуманитарна асоцијација
“Хандикап Интегратион“